Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 63, 1 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле психијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област физиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле клинички медицински науки, интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 66

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент во научната област меѓународно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 70

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент за научната област право на Европска унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педагогија и образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 80

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 86

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 91

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Граматика на германскиот јазик – морфологија” од авторите доц. д-р Билјана Ивановска и доц д-р Нина Даскаловска од Филолошки факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ..... 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ од д-р Страшко Стојановски при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 98

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за интерна скрипта по предметот Заштита на животната средина од енергетски постројки од авторите д-р Златко В. Совpески од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип и д-р Антон Чаушевски од феит при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје ..... 101

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по предметот Бањски туризам“ од доц. д-р Нако Ташков и м-р Дејан Методијески ..... 103

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ТРАДИЦИОНАЛНИ ИНСТРУМЕНТИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на својата седница, одржана на 6 април 2011 година, донесе Одлука бр. 1902-51/6 за распишување на Конкурс за избор на наставник во насловно звање ***насловен доцент*** за наставно-научната уметничка област ***традиционални инструменти*** (1 извршител) на Факултетот за музичка уметност.

На 6 април 2011 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност, по предлог на деканот на Факултетот, донесе Одлука бр. 1902-51/6 и Решение бр. 1902-51/13 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *традиционални инструменти* (1 извршител) на Факултетот за музичка уметност, во следниов состав:

1. доц. м-р Марјан Јанкоски, доцент од наставно-научната уметничка област *народни инструменти*, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за претседател;
2. проф. д-р Родна Величкова, вонр. проф. од наставно-научната уметничка област *етномузикологија*, вработена во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, за член;
3. проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, ред. проф. од наставно-научната уметничка област *етномузикологија*, редовен професор во пензија, за член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање *насловен доцент* за наставно-научната уметничка област *традиционални инструменти*, објавен на 18 март 2011 година во дневниот весник „Дневник“, за избор на наставник се пријави кандидатот м-р Горанчо Ангелов.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Горанчо Ангелов** е роден на 7 декември 1973 година во Штип. Средно музичко образование завршува во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип, а дипломира со просек 7,82 на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на Одделот за музичка теорија и педагогија, насока Народни инструменти, во класата на проф. Драган Даутовски.

На 3 ноември 2010 година успешно го брани магистерскиот труд на тема „*Инструментот ќемане во Македонија“* на Државниот универзитет во Тетово и се здобива со научен степен ***магистер по етномузикологија***.

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатот м-р Горанчо Ангелов работи во периодот 2000-2011 година како наставник во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ – Штип по предметите *Народни инструменти* и *Оркестар на народни инструменти*. Во текот на неговиот ангажман, тој раководи и настапува повеќе пати со учениците од класата за народни инструменти при ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ – Штип.

Од 2007 до 2011 година работи како стручно лице од практиката и уметник по предметите *Традиционални инструменти* и *Оркестар на традиционални инструменти* и како корепетитор на традиционални инструменти по предметот *Етнокореологија со народни ора* на Катедрата за етнокореологија при Факултетот за музичка уметност при УГД – Штип. Во текот на неговиот ангажман раководи и повеќе пати со студентите настапува во нашава земја и во Р. Бугарија на разни видови промотивни концерти за Факултетот за музичка уметност при УГД Штип.

Во текот на ангажманот како уметник и стручно лице од практиката на Факултетот за музичка уметност, кандидатот м-р Горанчо Ангелов изработи две интерни скрипти по предметот Традиционални инструменти (збирки од вокални напеви и инструментални мелодии за традиционални инструменти).

Кандидатот учествува во образовен документарен филм за инструментот гајда во продукција на „Трето уво“, 2000 г.

Во 2002 м-р Ангелов е раководител на Семинар за изучување на народните инструменти и песни на Фестивалот „Пеце Атанасовски“ во с. Долнени, Прилеп.

Успехот на наставно-образовен план на м-р Ангелов несомнено се темели и произлегува од неговите високи достигнувања како врвен репродуктивен уметник, свирач на македонски народни изворни инструменти и големото искуство преку бројните концертни настапи во земјава и во странство, учества на радио и ТВ емисии, учество во филм, жири и селективни комисии, ангажманите во Ансамблот за нарони игри и песни „Танец“ и сл. Неговата успешност на планот на образовното делување се гледа и преку тоа што повеќекратно е ангажиран како предавач по народни инструменти на разни семинари одржани во Р. Македонија.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Кандидатот м-р Ангелов Горанчо објавува два научни труда во списанија: „Обичајот *погазејќи* како составен дел на свадбениот обред и обредните песни што се пеат при овој обичај“, отпечатен во *Македонски фолклор* бр. 68, Скопје, 2010 година, списание на Институтот за фолклор „Марко Цепенков” во Скопје, како и статијата „Изработувачот на народни музички инструменти Драги Костовски од Штип“, во *Етнолог* бр. 14, Скопје, 2011 (во печат), списание на Македонското етнолошко друштво - Скопје.

Кандидатот м-р Горанчо Ангелов има реализирано неколку професионални музички настапи во земјава и тоа:

- Концерт на манифестацијата *Штипско културно лето* со ансамблот за народни инструменти „Етникум“ (2010, Штип);
- Концерт на традиционална музика со ансамблот од народни инструменти „Етникум“ (2011, Штип);
- Новогодишен хуманитарен концерт со ансамблот од народни инструменти „Етникум“ (2010, Штип).

Во 2010 година, м-р Ангелов е претседател на Жири-комисија на Фестивалот за традиционална песна и игра „Тодорица“ во Свети Николе.

Кандидатот м-р Горанчо Ангелов учествува на повеќе семинари од областа на народните инструменти. Тој учествува на Меѓународниот симпозим на тема „Популаризација на етнолошкото културно наследство”, во организација на Македонското етнолошко друштво, кој се одржа во септември 2010 год. во Штип, каде што го презентира рефератот со наслов *Изработувачот на народни музички инструменти Драги Костовски од Штип*.

М-р Горанчо Ангелов спаѓа меѓу најуспешните македонски професионалци кои истовремено се педагози и инструменталисти. Во неговиот лик гледаме современ репродуктивен уметник кој катадневно е опседнат не само со естетската страна во областа на народната инструментална традиција, туку и од сознајната страна т.е. научните истражувања кои од ден на ден добиваат сè поголемо значење во рамките на сите региони, а особено при интеррегионалните контакти со нашиот музички фолклор. На тој план кандидатот исто така покажува евидентен интерес и резултати потврдени преку учества со свои трудови на неколку симпозиуми, два печатени труда, а пред сè преку содржината на неговиот магистерски труд кој е подготвен за печат.

***Стручно - апликативна дејност и организациско – развојна дејност***

Кандидатот м-р Ангелов има освоено две стручни награди и тоа:

– 1990 г. Награда за освоено III место како соло инструменталист на Републичкиот фестивал на народни инструменти и песни „Марко Цепенков“;
– 2005 г. Награда за најдобар инструменталист на Фестивал за изворен фолклор „Тодорица“ во Свети Николе.
–

| **Ред. број** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 5. | Интерна скрипта од вежби | 2 x 2 = 4 | |
| 10. | Научно-популарна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 1 x 0,5 = 0,5 | |
| 18. | Раководител на семинар | 1 x 2 = 2 | |
| 19. | Раководител на студент или ученик на студентска или ученичка манифестација | 9 | |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | 30 | |
| 26. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | 4,2 | |
| | **Вкупно** | **49,7** | |

| **Ред. број** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 1. | Монографија или научна книга (во печат) | 10 | |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник | 2x1=2 | |
| 6. | Музички настапи на официјални концерти (целовечерни) | 1x3= 3 | 1x6=6 |
| 7. | Музички настапи на официјални концерти (заеднички) | 6x2=12 | |
| 11. | Одбранета магистерска работа | 4 | |
| 19. | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | |
| | **Вкупно** | **38,0** | |

| **Ред. број** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 19. | Стручни награди и признанија | 2x 4 = 8<br>6x2 =12 | |
| | **Вкупно** | **20** | |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно освоени бодови:** | **107,7** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Горанчо Ангелов сметаме дека кај него во наставно-образовната дејност, како и во стручно-апликативната и организационо-развојна дејност се исполнети потребните поени. Кандидатот се стекнал со магистратура со научен степен магистер по етномузикологија и има објавено еден научен труд. Во печат има доставено и еден монографски труд „МУЗИЧКИОТ ИНСТРУМЕНТ ЌЕМЕНЕ ВО МАКЕДОНИЈА" (магистерски труд), кој треба да се објави во издание на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, како и еден труд (статија), рецензиран, што треба да се објави во Етнолог бр. 14. Што се однесува до концертната професионална дејност, реализирани се неколку концерти во Р. Македонија и еден во странство (Р. Бугарија), како професионален изведувач, додека некои настапи и концерти се реализирани со студентите и учениците на коишто им предава.

Доколку се земат предвид монографскиот труд (книга) и рецензираниот реферат со кој настапил на Меѓународниот симпозиум, кои се предадени во печат, сметаме дека кандидатот м-р Горанчо Ангелов ги исполнува законски предвидените услови за избор во насловното звање – насловен доцент по предметот *Традиционални инструменти*.

Според претходно изложеното, со задоволство можеме да констатираме дека кандидатот м-р Горанчо Ангелов ги исполнува сите услови за да биде избран во звањето насловен доцент, согласно со критериумите пропишани со Законот за високото образование и Правилникот за избори во наставно-уметнички звања при УГД во Штип.

Врз основа на горенаведеното на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при УГД – Штип, му препорачуваме кандидатот м-р Горанчо Ангелов да го избере во насловното звање **насловен доцент** во рамките на наставно-уметничката област по предметот ***Традиционални инструменти***.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. м-р Марјан Јанкоски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Родна Величковска, член, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, член, с.р.**